**ЗАПИСНИК**
**од 39-та седница на Советот**
**одржана на 18.09.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, м-р Борис Арсов, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, м-р Методија Јанчески, м-р Васко Петревски, Столе Наумов, Методи Стоименовски, Антонио Јовановски, Замир Мехмети, Селадин Џезаири.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Алма Машовиќ (породилно отсуство).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Борче Маневски, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Слободан Беличански, Јетон Исмаили, Луција Ѓурковиќ, и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Новинари:** Јовановска Весна од ТВ Телма, Јордановска Мери од Фокус, Андријана Јовановска од ТВ 24 Вести, Михајло Видимлиски од ТВ 24 Вести, Муса Ибраими од МРТ, Иљачи Љаура од МРТ, Казиовска Соња од Дневник, Љубиша Арсиќ од ТВ Алфа, Предраг Петровиќ од А1 ОН.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 39-та седница на Советот за радиодифузија. Советот едногласно го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 32-та седница на Советот, одржана на 16.08.2012 година.
2. Усвојување на Записникот од 33-та (ЈАВНА) седница на Советот, одржана на 22.08.2012 година.
3. Усвојување на Записникот од 34-та седница на Советот, одржана на 24.08.2012 година.
4. Предлог Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во СРД.
5. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – Радио Буба Мара (Скопје) емитуван на 23 август 2012 година.
6. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД Радио Скај (Скопје) емитуван на 24 јули 2012 година.
7. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД Радио Роса АБ (Скопје) емитуван на 24 јули 2012 година.
8. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – Спортско Радио 90.3 ФМ (Скопје) емитуван на 25 јули 2012 година.
9. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – Спортско Радио Канал 4 емитуван на 8 август 2012 година.
10. Информација за Барањето за престанување на работниот однос бр.04-4419/1 од 29.08.2012 година од работникот Симона Темелкова, распоредена на работното место Соработник во Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста.
11. Информација за начинот на уплата на средствата за покривање на трошоците за издавање електронска здравствена картичка за здравствено осигурување за лицата осигурени преку Советот за радиодифузија на РМ.

12. Предлог – одлуки за набавки за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.

13. Предлог-Одлука за отпис на службеното моторно возило марка "OPEL", тип T92/NB ASTRA F 1.6I, со регистарска таблица SK-839-SL.

14. Предлог-Одлука за одобрување средства за овластен проценител на двете моторни возила, патничко моторно возило марка "OPEL", тип T92/NB ASTRA F 1.6I, со регистарска таблица SK-839-SL и патничкото моторно возило марка LANČIA K 2.0 LS, со регистарска таблица SK-058-II и

15. Предлог-Одлука да се пристапи кон продажба на службеното моторно возило марка "OPEL", тип T92/NB ASTRA F 1.6I, со регистарска таблица SK-839-SL, преку објавување оглас за продажба со јавно надавање, согласно

**Точка 1**

Советот го разгледа и со еден воздржан глас од членот на Советот, м-р Васко Петревски и 13 гласа „за“, го усвои Записникот од 32-та седница на Советот, одржана на 16.08.2012 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа Записникот од 33-та (ЈАВНА) седница на Советот, одржана на 22.08.2012 година.

Членот на Советот, Столе Наумов, предложи во точка 3 од Записникот, "Анализа на пазарот на радиодифузната дејност во Република Македонија за 2011 година", да се додадат две-три реченици во делот каде е неговото обраќање.

Советот со дадената забелешка, едногласно го усвои Записникот од 33-та (ЈАВНА) седница на Советот, одржана на 22.08.2012 година.

**Точка 3**

Советот го разгледа и со еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов и 13 гласа „за“, го усвои Записникот од 34-та седница на Советот, одржана на 24.08.2012 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 4**

Советот го разгледа Предлог-Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во СРД.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, согласно доставеното мислење од Дирекцијата за заштита на личните податоци, рече дека во врска со усогласеноста на доставениот Правилнико за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во СРД, со Законот за заштита на личните податоци, подзаконските акти и начелата за заштита на личните податоци, во рамките на своите законски надлежности, Дирекцијата за заштита на личните податоци смета дека истиот по својата содржина е во согласност со постојните прописи за заштита на личните податоци.

Советот, едногласно, со 11 гласа „за“ го усвои предложениот Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот

систем и на овластените лица во СРД. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи и членовите на Совет, Столе Наумов и Сељадин Џезаири, не беа присутни во текот на гласањето).

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да го објави на огласната табла во Советот за радиодифузија на РМ, Правилникот за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица во СРД.

**Точка 5**

Советот го разгледа предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – Радио Буба Мара (Скопје) емитуван на 23 август 2012 година.

Членот на Советот, Столе Наумов, предложи за сите прекршувања на Законот за радиодифузната дејност, констатирани во сите Извештаи предложени на дневниот ред, да им се упати укажување, бидејќи кај нив досега не е изречена ниту една мерка. Во таа насока предложи Советот да организира состанок со регионалните радија за да им се објаснат правилата за спонзорство и рекламирање.

Предлогот на членот на СРД, Столе Наумов, за прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност – помалку од 30% вокално-инструментална музика на македонски јазик, на ТРД – Радио Буба Мара (Скопје), да му се упати укажување, беше ставен на гласање. „За" овој предлог гласаа членовите на Советот, Столе Наумов и Селвер Ајдини, останатите 11 членови беа воздржани. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, не беше присутен во текот на гласањето).

Советот го усвои Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – Радио Буба Мара (Скопје), емитуван на 23 август 2012 година.

По предлог на членот на Советот, Лазо Петрушевски, со 10 гласа „за" и три воздржани гласа од членовите на Советот, Столе Наумов, Селвер Ајдини и Сељадин Џезаири, Советот одлучи на ТРД – Радио Буба Мара (Скопје):

- поради прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност – помалку од 30% вокално-инструментална музика на македонски јазик, да се изрече мерката: писмена опомена. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, не беше присутен во текот на гласањето).

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, со 11 гласа „за" и два воздржани гласа од членовите на Советот, Столе Наумов и Селвер Ајдини, Советот одлучи на ТРД – Радио Буба Мара (Скопје):

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со акустички средства), да се изрече мерката: писмена опомена. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, не беше присутен во текот на гласањето).

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира Одлуките во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 6**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД Радио Скај (Скопје) емитуван на 24 јули 2012 година.

Советот го усвои Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – Радио Скај (Скопје), емитуван на 24 јули 2012 година.

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Советот, со 11 гласа „за“ и два воздржани гласа од членовите на Советот, Столе Наумов и Селвер Ајдини,одлучи на ТРД – Радио Скај (Скопје):

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување реклами), да се изрече мерката писмена. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, не беше присутен во текот на гласањето).

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Советот со 10 гласа „за“ и три воздржани гласа од членовите на Советот, Столе Наумов, Селвер Ајдини и Сељадин Џезаири, одлучи на ТРД – Радио Скај (Скопје):

- поради прекршување на член 106 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (спонзорот не е јасно идентификуван), да се изрече мерката: писмена опомена. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, не беше присутен во текот на гласањето).

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира Одлуките во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 7**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД Радио Роса АБ (Скопје) емитуван на 24 јули 2012 година.

Советот го усвои Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – Радио Роса АБ (Скопје), емитуван на 24 јули 2012 година.

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Советот со 9 гласа „за“ и четири воздржани гласа од членовите на Советот, Замир Мехмети, Столе Наумов, Селвер Ајдини и Сељадин Џезаири, одлучи на ТРД – Радио Роса АБ (Скопје):

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неозначување и неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со акустички средства), да се изрече мерката: писмена опомена. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, не беше присутен во текот на гласањето).

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја евидентира Одлуката во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 8**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – Спортско Радио 90.3 ФМ (Скопје) емитуван на 25 јули 2012 година.

Советот го усвои Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД-Спортско Радио 90.3 ФМ (Скопје), емитуван на 25 јули 2012 година.

Советот со 11 гласа „за“ и два воздржани гласа од членовите на Советот, Сељадин Џезаири и Столе Наумов, одлучи на ТРД – Спортско Радио 90.3 ФМ (Скопје):

- поради прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност – помалку од 30% вокално-инструментална музика на македонски јазик, да се изрече мерката: писмена опомена. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, не беше присутен во текот на гласањето).

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја евидентира Одлуката во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 9**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД – Спортско Радио Канал 4 емитуван на 8 август 2012 година.

Советот го усвои Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис ТРД Спортско Радио Канал 4 (Скопје), емитуван на 8 август 2012 година.

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, со 11 гласа „за“ и два воздржани гласа од членовите на Совет, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов, Советот одлучи на Спортско Радио Канал 4 (Скопје):

- поради прекршување на член 74 став 2 од Законот за радиодифузната дејност – помалку од 30% вокално-инструментална музика на македонски јазик, да се изрече мерката: писмена опомена. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, не беше присутен во текот на гласањето).

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја евидентира Одлуката во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да организира состанок со радијата на регионално ниво во РМ, на тема почитување на правилата за спонзорство и рекламирање утврдени во Законот за радиодифузната дејност.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да ги преземе сите потребни активности за реализација на состанокот.

**Точка 10**

Советот ја разгледа Информацијата за Барањето за престанување на работниот однос бр.04-4419/1 од 29.08.2012 година од работникот Симона Темелкова, распоредена на работното место Соработник во Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста.

Раководителот на Стручната служба, објасни дека Работникот м-р Темелкова Симона, распоредена на работното место - Соработник во Секторот за меѓународна и европска соработка и односи со јавноста, до Претседателот на Советот за радиодифузија и до Раководителот на Стручната служба на Советот достави Барање за престанување на работниот однос бр.04-4419/1 од 29.08.2012 година. Напомена дека по прашања за одлучување по работен однос, засновање и престанок на работен однос, одлучува Советот.

Советот едногласно ја усвои предложената Информација за Барањето за престанување на работниот однос бр.04-4419/1 од 29.08.2012 година од работникот м-р Темелкова Симона, распоредена на работното место - Соработник во Секторот за меѓународна и европска соработка и односи со јавноста. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, не беше присутен во текот на гласањето).

Со цел да се постапи по поднесеното Барање бр.04-4419/1 од 29.08.2012 година, за престанување на работниот однос, Советот за радиодифузија одлучи:

- да склучи Спогодба за раскинување на договорот за вработување, заклучно со 30.09.2012 година;
- да донесе Решение за престанување на важност на Договорот за вработување бр.04-1199/1 од 05.04.2011 година;
- да го одјави Работникот пред Агенцијата за вработување на Република Македонија - Центар за вработување на Град Скопје, со ден 30.09.2012 година.

**Точка 11**

Советот ја разгледа Информацијата за начинот на уплата на средствата за покривање на трошоците за издавање електронска здравствена картичка за здравствено осигурување за лицата осигурени преку Советот за радиодифузија на РМ.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи, објасни дека електронските здравствени картички, во иднина ќе бидат замена за постоечките здравствени легитимации и сини картони, за кои како главен носител на оперативните активности на проектот Систем за електронска здравствена картичка (СЕЗК), е Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Трошоците за издавање на електронска здравствена картичка за здравствено осигурување изнесуваат 250,00 денари, што е утврдено во член 3 став 1 од Правилникот за висината на трошоците за издавање, замена на загубена или оштетена и за повторно активирање на блокирана електронска картичка за здравствено осигурување, како и начинот на нивното плаќање („Службен весник на РМ" бр. 68/2012), донесен врз основа на Законот за здравствено осигурување. Во однос на лицата кои се здравствено осигурени преку Советот, а не се опфатени во наведениот Список од 2011 година и за кои во текот на 2011 година пред Фондот не е доставено Барање за електронска здравствена картичка ниту по еден основ, како и за новороденчињата, дополнително ќе се иницира постапка за изработување електронски здравствени картички. Потребно е и вработените да потпишат Изјавата, која ќе биде доставена до сите лица за кои се одобрени здравствени картички, за согласност за задршка од платата за месец септември 2012 година, за покривање на трошоците за издавање на електронска здравствена картичка за здравствено осигурување на има на вработениот и за покривање на трошоците за издавање на електронска здравствена картичка за здравствено осигурување, за членот/членовите на неговото семејство кои се осигурени преку него.

Советот едногласно ја усвои предложената Информација за начинот на уплата на средствата за покривање на трошоците за издавање електронска здравствена картичка за здравствено осигурување за лицата осигурени преку Советот за радиодифузија на РМ. (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, не беше присутен во текот на гласањето).

Со цел уплатата на износот за електронските здравствени картички, да не се врши лично на поединечна уплатница, Советот за радиодифузија донесе:

- Одлука со која средствата за трошоците за издавање на електронска здравствена картичка за здравствено осигурување во висина од 250,00 денари, за лицата вработени во Советот за радиодифузија на Република Македонија, и членовите на нивните семејства кои се осигурени преку нив, а се наведени во Списокот на прибраните и обработените барања за "ЕКЗ" (електронска здравствена картичка), во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, упатен од Советот на ден 04.11.2011 година, ќе се уплатат од жиро сметката на Советот за радиодифузија на РМ. Надоместот на наведените трошоци ќе се изврши со задршка од платата за месец септември 2012 година, врз основа на Изјава за согласност од секое вработено лице.

Советот го задолжи Секторот за економско-финансиски работи, вработените лица: Алма Машовиќ, Маја Дамевска и Билјана Бошњаковска, кои се отсутни поради породилно боледување, да ги извести веднаш потребните средства за издавање на електронска здравствена картичка да ги уплатат на жиро сметката на Советот за радиодфифузија на РМ.

Советот го задолжи Секторот за економско-финансиски работи во однос на лицата кои се здравствено осигурени преку Советот, а не се опфатени во наведениот Список од 2011 година и за кои во текот на 2011 година пред Фондот не е доставено Барање за

електронска здравствена картичка ниту по еден основ, како и за новороденчињата, дополнително да иницира постапка за изработување електронски здравствени картички.

Советот го задолжи Секторот за економско-финансиски работи, Изјавата за согласност за задршка од платата за месец септември 2012 година, за покривање на трошоците за издавање на електронска здравствена картичка за здравствено осигурување на има на вработениот и за покривање на трошоците за издавање на електронска здравствена картичка за здравствено осигурување, за членот/членовите на неговото семејство кои се осигурени преку него, да ги достави до сите вработени со цел да се потпише.

**Точка 12**

Советот ги разгледа Предлог – одлуките за набавки за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.

- Раководителот на Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста во однос на постапката за доделување на договор за јавна набавка за предметот на набавка – услуга: Организирање на национален семинар (во рамките на SEE Digi TV проектот), објасни дека проектот има за цел да се интегрираат и координираат регионалната соработка и развојот на земјите учеснички во проектот поврзан со процесот на аналогно/дигитална конверзија, како и дигитализацијата на телевизиската радиодифузна дејност во поширока смисла. Националниот семинар е предвиден како еднодневна активност во облик на еднодневна конференција на која што ќе учествуваат околу 150 лица.

Советот одлучи горенаведената јавна набавка да се одложи за една од наредните седници., со цел да се разгледа повторно и да се пронајдат подобри начини за реализација во однос на постапката за доделување на договор за јавна набавка за предметот на набавка – услуга: Организирање на национален семинар (во рамките на SEE Digi TV проектот).

- Членот на Советот, Лазо Петрушевски, ги објасни причините за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на анти-вирус софтерско решение за потребите на Советот за радиодифузија. Предложи и овој пат техничката спецификација да не се измени, но да се додаде нова ставка во критериумите, односно понуденото анти-вирус софтерско решение да биде во листата меѓу првите 10 во светот. Од причина што има многу релевантни листи, членот на Советот, Лазо Петрушевски предложи да се даде можност економските оператори да понудат и други решенија (ново анти-вирусно софтверско репшение) кои ќе бидат меѓу првите десет на листата на списанието PC Magazine. Според него така ќе се добие квалитет со најниска цена. Членот на Советот, Сељадин Џезаири рече дека го поддржува предлогот. Советот ја усвои предложената Информација за причините за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на анти-вирус софтерско решение за потребите на Советот за радиодифузија.

Советот со 14 гласа „за“, едногласно одлучи, за потребите на Советот за радиодифузија во 2012 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки, да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка - стока: Анти-вирус софтверско решение за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка, изнесуваат 80.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

За реализацијата на договорот за јавна набавка, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Арбен Саити - претседател на Комисијата, со заменик Арѓенд Џелили;
- Луцијa Ѓурковиќ - член, со заменик Билјана Парлеева и
- Весна Симоновска - член, со заменик Ивана Каракушева.

**Точка 13**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за отпис на службеното моторно возило марка "OPEL", тип T92/NB ASTRA F 1.6I, со регистарска таблица SK-839-SL.

Советот, со 14 гласа „за",донесе едногласна Одлука за отпис на основно средство на Советот за радиодифузија на РМ согласно позитивните законски прописи кои ја уредуваат предметната материја, и тоа за:

- службеното моторно возило марка "OPEL", тип T92/NB ASTRA F 1.6I, со регистарска таблица SK-839-SL, број на шасија W0L000056V5217293, број на мотор X16SZR/02FT2461, година на производство 1997, комбинирано, боја на каросеријата "8C – Мет. св. Кафена".

Отпишаното средство ќе падне на товар на Советот за радиодифузија на РМ.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи, појасни дека формално-правно, кога ќе се отпише возило, сеуште е заведено во сметководствената евиденција на Советот, до моментот додека не се отуѓи.

**Точка 14**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за одобрување средства за овластен проценител на двете моторни возила, патничко моторно возило марка "OPEL", тип T92/NB ASTRA F 1.6I, со регистарска таблица SK-839-SL и патничкото моторно возило марка LANČIA K 2.0 LS, со регистарска таблица SK-058-II.

Советот со 14 гласа „за", едногласно, донесе Одлука да се одобрат средства потребни за ангажирање на овластен проценител за процена на следните службени моторни возила, во сопственост на Советот за радиодифузија на Република Македонија, и тоа:

- возило марка "OPEL", тип T92/NB ASTRA F 1.6I, со регистарска таблица SK-839-SL, број на шасија W0L000056V5217293, број на мотор X16SZR/02FT2461, година на производство 1997, и
- возило марка LANČIA K 2.0 LS, со регистарска таблица SK-058-II, број на шасија ZLA83800002092597, број на мотор 1197606, година на производство 1998, лимузина.

Износот на одобрените средства потребни за ангажирање на овластен проценител за процена на службените моторни возила наведени, да не изнесува повеќе од 10.000 денари, со пресметан ДДВ.

**Точка 15**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за продажба на службеното моторно возило марка "OPEL", тип T92/NB ASTRA F 1.6I, со регистарска таблица SK-839-SL, преку објавување оглас за продажба со јавно надавање, согласно

Советот едногласно, со 14 гласа „за", донесе Одлука за продажба на движна ствар:

- службеното моторно возило марка "OPEL", тип T92/NB ASTRA F 1.6I, со регистарска таблица SK-839-SL, број на шасија W0L000056V5217293, број на мотор X16SZR/02FT2461, година на производство 1997, комбинирано, боја на каросеријата “8C – Мет. св. Кафена“.

Советот одлучи, усвојувањето на Огласот за продажба со јавното наддавање на движна ствар во сопственост на Советот за радиодифузија на Република Македонија наведено, да се одложи за една од наредните седници на Советот, кога Советот ќе добие процена од овластениот проценител за наведеното службеното моторно возило.

**Точка 16**
**Разно**

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, информира дека на 17 септември е пристигната опомена за неплатен долг по основ на пресметана камата за плаќање на ДДВ.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи даде кратко објаснување и рече дека веќе е пристигнато Решение за ДДВ. Во однос на постапувањето на Советот по добиената опомена, беше заклучено да се постапи во согласност со позитивните законски прописи што ја регулираат оваа проблематика.

**Бр. 02-4694/15**
**03.10.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*